Врз основа на член 36 став (4) од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 мај 2022 година, донесе

# УПАТСТВО
## за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со ова упатство се пропишува структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии (во натамошниот текст: „стратегии“) од страна на органите на државната управа.

**Член 2**

Одделни изрази употребени во ова упатство го имаат следново значење:

1. „Стратегија“ е стратегиски плански документ кој може да биде долгорочен со временски период над десет години или среднорочен со временски период до десет години кој се подготвува и предлага согласно обврска која произлегува од закон, меѓународен договор ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија, или од потребата за унапредување на состојбите во областа или повеќе поврзани области на политиката и кој се донесува од страна на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) или од страна на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата).

2. „Национална развојна стратегија 2022-2042 на Република Северна Македонија“ (во натамошниот текст: Национална развојна стратегија) е хиерархиски највисокиот долгорочен стратегиски плански документ за развој на Република Северна Македонија, кој опфаќа период од најмалку десет години и истата на предлог на Владата ја усвојува Собранието.

3. „Секторска стратегија“ е стратегиски плански документ кој се донесува со цел утврдување и спроведување на јавни политики во областите и подрачјата кои се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица.

4. „Мултисекторска стратегија“ е стратегиски плански документ кој се донесува со цел утврдување и спроведување на јавни политики во повеќе сродни и меѓусебно поврзани области.

5. „Елементи на стратешката рамка“ се визија, приоритетна област, општа цел, посебна цел, мерка, активност, како и утврдените индикатори на ниво на резултат, исход и ефект.

6. „Развојна насока“ е највисок елемент на националната стратешка рамка со која се утврдуваат генералните насоки на јавните политики преку кои се остварува визијата за развој во областите дефинирани во Национална развојна стратегија.

7. „Приоритетна област“ е збир на меѓусебно поврзани и сродни јавни политики насочени кон остварување на една општа цел и една или повеќе посебни цели дефинирани во стратегијата.

8. „Општа цел“ е долгорочна или среднорочна цел која треба да се постигне во одредената приоритетна област преку спроведување на група на меѓусебно поврзани мерки и активности во периодот опфатен во стратегијата и истата придонесува кон остварување на развојната насока.

9. „Посебна цел“ е конкретен резултат кој треба да се постигне преку спроведување на одредени мерки и активности утврдени заради постигнување на општата цел во текот на периодот опфатен во стратегијата.

10. „Мерка“ е збир од меѓусебно поврзани активности и/или проекти преку која непосредно се остварува посебната цел, а посредно придонесува кон остварување на општата цел.

11. „Активност“ е низа од конкретни и меѓусебно поврзани задачи преку кои непосредно се остварува мерката, а посредно се придонесува кон остварување на посебната цел.

12. „Акциски план“ е алатка која овозможува редовно следење, оценување и известување за степенот на реализација на мерките и активностите, односно спроведување на стратегијата и истиот е составен дел на стратегијата.

13. „Индикативен финансиски план“ е финансиска рамка за спроведување на општите и посебните цели, мерките и активностите утврдени со стратегијата и акцискиот план во кој се утврдуваат износот на средствата и изворот на финансирање (програми од Буџетот на Република Северна Македонија и/или други извори на финансирање). Индикативниот финансиски план во областа на политиките опфатена со стратегијата е една од основите за планирање на Фискалната стратегија на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Фискална стратегија) и среднорочната буџетска рамка и среднорочниот буџет на органот на државната управа утврден во неговиот Стратешки план.

14. „Поглавје“ е задолжителен елемент на структурата на стратегијата со одредена форма и содржина утврдена со ова упатство.

15. „Следење“ е континуиран процес во кој се следи динамиката на спроведување на мерките и активностите преку систематско прибирање на податоци согласно однапред дефинирани показатели за успешност.
16. „Оценување“ е процес на анализирање на тековната стратегија или стратегијата чие што спроведување е завршено при што се врши анализа и се дава оценка во врска со постигнувањето на исходот, односно крајните ефекти од спроведувањето на стратегијата и истото може да се врши периодично, според однапред дефинирани интервали, или пак по завршување на периодот на спроведување на стратегијата.

Член 3

При подготвување на стратегијата органите на државната управа се раководат од следните начела:

- **Начело на усогласеност и конзистентност на политиките** подразбира дека треба да постои усогласеност на општите и посебните цели на стратегијата со развојните насоки утврдени во Национална развојна стратегија, со други хиерархиски повисоко поставени стратегиски плански документи, како и со усвоените сродни и меѓусебно поврзани стратегии од истата или од сродни управни области.

- **Начело на фискална одржливост на политиките** подразбира дека политиките утврдени во стратегиите треба да се фискално одржливи на долг рок, а на среден рок да се усогласени со фискалните ограничувања утврдени во Фискалната стратегија и среднорочната буџетска рамка.

- **Начело на усогласеност со политиките на Европската Унија** подразбира дека политиките утврдени во стратегиите треба да се усогласени со стратегиите, политиките и законодавството на Европската Унија во соодветната област на политиките. Притоа, особено треба да се имаат предвид приоритетите утврдени во стратешката агенда на Европската комисија.

- **Начело на релевантност и веродостојност** подразбира дека стратегијата задолжително се заснова на претходно спроведена сеопфатна и веродостојна анализа на состојбите и на клучните фактори, движења, услови и околности во сите области на делување, како основа за дефинирање на развојните потреби и можности во секторот/секторите опфатени во стратегијата. Дефинирањето на развојните потреби и можности во секторот/секторите треба да се заснова на сигурни, проверливи и споредливи податоци, како и проценка на влијание на политиките спроведени во согласност со начелото на пропорционалност.

- **Начелото на економичност, ефикасност и ефективност** подразбира дека за сите поставени нивоа на цели треба да се дефинираат соодветни показатели на успешност. Показателите за резултати, исходи и ефекти треба да бидат разбирливи, мерливи и треба да се постигнат со оптимални трошоци, а соодносот

помеѓу трошокот и придобивките треба да биде прифатлив, односно да се постигнат очекуваните цели со економично и ефикасно користење на расположливите средства.

- **Начело на транспарентност** подразбира дека стратегиите треба да се подготвуваат со учество на засегнатите страни во сите фази на процесот. Органите на државната управа спроведуваат транспарентни консултации со надлежните и засегнатите министерства и другите органи на државната управа, единиците на локалната самоуправа, стручната јавност, засегнатите здруженија од граѓанскиот сектор, научно-истражувачката заедница и другите заинтересирани субјекти. Проблемите и предизвиците на чие што решавање се работи треба да бидат јасно образложени и релевантни. Учеството на засегнатите страни треба да се обезбеди и во процесот на следење, оценување и подготвување на извештаите. Извештаите од следењето и оценувањето на постигнувањето на планираните резултати навремено се објавуваат.

- **Начело на отчетност и ориентацијата кон резултатите** подразбира дека органите на државната управа кои се надлежни за подготовка и спроведување на стратегиите треба да обезбедат соодветни услови, ресурси и политичка поддршка за спроведување и постигнување на планираните резултати, исходи и ефекти. Органот надлежен за спроведување е должен да ги следи и анализира податоците од спроведувањето и оценувањето на постигнатите резултати. Доколку не се постигнат поставените цели, органите на државната управа преземаат навремени мерки со прилагодување на акциските планови, со образлагање на предизвиците и ризиците и предлагање на нови мерки.

- **Начело на одржливост** подразбира заснованост на стратегиите врз трите столба на одржлив развој, односно економска, социјална и еколошка одржливост. Политиките кои се утврдуваат со стратегиите треба да обезбедуваат развивање на одржлива, општествено правична и климатски неутрална економија. Утврдените мерки не треба да создаваат непропорционален финансиски или друг товар за идните генерации. Воедно, процесот на планирање, спроведување и оценка на учинокот и ефектите треба да биде цикличен и да се заснова на искуствата и поуките од претходните процеси на планирање и спроведување на стратегиите во областа или сродните области со цел обезбедување на континуитет на реформите.

## Член 4

Стандардизацијата на процесот на подготовка, спроведување, следење на спроведувањето, известување и оценување на стратегиите има за цел:

- да обезбеди квалитет на задолжителната структура и содржина на стратегиите преку стандардизиран пристап на подготовка, спроведување, следење на спроведувањето, известување и оценување на стратегиите со почитување на спецификите на секоја област;

- да обезбеди дека визијата за развојот дефинирана во стратегијата е усогласена и непосредно ќе придонесе кон развојните насоки, општите и посебните цели

утврдени во Националната развојна стратегија и хиерархиски повисоко поставените стратегиски плански документи, како и со усвоените сродни и меѓусебно поврзани стратегии од истата или од сродни управни области;
- да обезбеди запазување на задолжителната стандардна структура и компактна целина на стратегиите, а поглавјата во стратегијата да ги вклучуваат клучните елементи и потребната содржина;
- да овозможи оценка на усогласеноста и запазување на клучните елементи на стратегијата од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Генералниот секретаријат на Владата), Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања;
- да овозможи транспарентност и отчетност на органите на државната управа за постигнатите резултати од спроведувањето, известувањето и оценувањето.

## 2. СТРУКТУРА И СОДРЖИНА НА СТРАТЕГИИТЕ

### Член 5

Органите на државната управа ја подготвуваат стратегијата со следниве задолжителни поглавја:

1. Вовед;
2. Анализа на состојбите во секторот/секторите;
3. Стратешка рамка;
4. Рамка за следење, оценување и известување;
5. Управување со ризици;
6. Акциски план и
7. Индикативен финансиски план.

### Член 6

Доколку основот за донесување и структурата на стратегијата се утврдени со посебен акт или документ, тогаш органот на државната управа задолжен за изработка на стратегијата ги следи одредбите на соодветниот акт или документ, при што стратегијата содржи показатели на успешност кои овозможуваат следење, известување и оценување на успешноста во остварување на дефинираните приоритети и цели.

### Член 7

Органите на државната управа ја подготвуваат стратегијата со содржина која ги опфаќа следните елементи:

Во „Вовед" во форма на резиме се презентираат областа или областите на политиките опфатени со стратегијата и клучните правци на делување, основот на обврската за подготвување и предлагање на стратегијата, опис на поврзаноста и усогласеноста на стратегијата со развојните насоки утврдени во Националната

развојна стратегија, со хиерархиски повисоко поставените стратегиски плански документи, со стратегиите и политиките во ЕУ кои се однесуваат или се поврзани со областа или областите, поврзаноста со НПАА кластерска структура и ИПА 3 стратешките прозорци, како и со други стратегии во областа и во други сродни области, методолошкиот пристап во подготвувањето и опис на процесот на вклучување на засегнатите страни во подготвувањето на стратегијата.

Во поглавјето „Анализа на состојбата во секторот/секторите"се претставуваат резултатите од спроведената анализата на актуелната состојба во областа и други сродни области на политиката, анализата на опкружувањето и на засегнатите страни, резултатите од спроведувањето на претходна стратегија или поврзани стратегии, како и утврдените проблеми и предизвици поткрепени со валидни податоци и причинско-последичните врски на утврдените проблеми.

Во поглавјето „Стратешка рамка" се претставуваат визијата за развој на областа или областите опфатени во стратегијата и се дефинираат приоритетните области во кои ќе се делува, општите и посебните цели со резиме на политиките односно клучните правци на делување или мерки кои ќе придонесат кон остварување на општите и посебните цели.

Во поглавјето „Рамка за следење, оценување и известување" се претставуваат утврдените показатели на ниво на резултат, исход и ефект, почетната, преодната и крајната вредност на секој од утврдените показатели, начинот на прибирање на податоците и мерење на показателите, надлежните органи кои се задолжени за спроведување, следење, оценување и известување и органите кои учествуваат во процесот на следење, оценување и известување, постапката и динамиката на известување и на оценување на постигнатите резултати, како и механизмите за координација.

Во поглавјето „Управување со ризици" се претставува анализата на ризиците кои би можеле да влијаат на спроведувањето и постигнувањето на планираните општи и посебни цели, мерките кои ќе бидат преземени во случај на појава на околностите кои негативно влијаат на навременото спроведување и постигнувањето на резултатите односно целите, како и начинот на ревидирање на акцискиот план.

Во „Акциски план" се утврдуваат мерките и активностите кои ќе придонесат за остварување на општите и посебните цели во секоја од утврдените приоритетни области, показателите за успешност на ниво на резултати, исход и ефекти, надлежните органи на државната управа задолжени за спроведување и координација на стратегијата и други органи кои учествуваат во спроведувањето, следењето и известувањето на акцискиот план, трошоците за спроведување на мерките и активностите и роковите за спроведување на мерките и активностите.

Во „Индикативен финансиски план“ се дава резимиран преглед на потребните средства за спроведување на акцискиот план по приоритетна област, општа и посебни цели, со утврдување на изворот на финансирање.

Образецот за формата и содржината на стратегијата (Образец бр. 1), е даден во Прилог и е составен дел на ова упатство.

## 3. ПРОЦЕС НА ПОДГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

### Член 8

Процесот на подготвување на секторската стратегија се одвива низ следниве фази:

- покренување на иницијатива за започнување на постапка за изработка на стратегијата од страна на органот на државната управа надлежен за предметната област;
- анализа на состојбите во секторот за да се утврдат промените на политички, економски, социјален, технолошки и еколошки план, како и споредба меѓу планираниот и реално остварениот резултат од спроведувањето на стратегијата и сродните плански документи во претходниот период;
- анализа на податоците и информациите за можните решенија со проценка на фискалните и други влијанија и анализа на ризиците по приоритетни области и донесување на стратегиски одлуки;
- формулирање на заклучоци и предлози за стратегискиот пристап за решавање на проблемите и поставување на општи и посебни цели;
- утврдување на рамката за следење преку показателите за успешност на ниво на резултат, исход и ефект, како и системот за следење, известување и оценување;
- утврдување на нацрт текстот на стратегијата и акцискиот план со индикативен финансиски план;
- консултации со засегнатите страни;
- доставување на нацрт стратегијата со цел барање на мислење од надлежните органи на државната управа, согласно барањата на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Деловникот за работа на Владата);
- доставување на нацрт стратегијата до Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања заради добивање на мислење во однос на усогласеноста и запазување на клучните елементи на стратегијата во согласност со ова упатство;
- анализа на добиените мислења од органите на државната управа и од Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања и нивна оценка со цел вградување на

прифатените мислења и забелешки, со образложение за неприфаќање на дадените предлози;

- доставување на Предлог- стратегијата до Владата или до Собранието, во зависност од видот на планскиот документ, со барање за негово разгледување и усвојување.

## Член 9

Иницијатива за започнување на постапка за изработка на стратегија се покренува од страна на органот на државната управа во случај кога тоа е предвидено со закон, со меѓународен договор ратификуван со Уставот на Република Северна Македонија или заради потребата од унапредување на состојбите во областа или повеќе поврзани области. Иницијативата се заснова на претходно спроведена анализа за да се утврди потребата од подготвување на стратегијата.

Иницијативата за подготвување на стратегија произлегува и е задолжителен дел од Стратешкиот план на органот на државната управа. Иницијативата за подготвување на стратегијата се планира и утврдува и во Годишната програма за работа на Владата согласно утврдената правна рамка.

## Член 10

Сестрана и објективна анализа на состојбите во областа или областите кои се опфатени со стратегијата се спроведува од страна на органот на државната управа.

При спроведување на анализата на состојбите, органот на државната управа ги зема предвид актуелните политики и прописи во областа и сродните области, резултатите од нивното спроведување, како и постоечките состојби во економијата, општеството и животната средина поврзани со областа или областите кои се опфатени во стратегијата. Анализата на состојбите се заснова и е поткрепена со валидни податоци и информации. Доколку стратегијата се надоврзува на претходна стратегија во истата област, органот на државната управа ги зема предвид постигнатите резултати и искуствата од спроведувањето на претходната стратегија.

Фокусот на анализата е во функција на утврдување на проблемите и причинско-последичните врски кои постојат и кои влијаат врз предностите и можностите за развој во областа и поврзаните области.

## Член 11

Врз основа на прибраните податоци и утврдените проблеми, од страна на органот на државната управа начелно се утврдуваат можните правци на делување, односно потребите за реформи и можните решенија за справување со утврдените проблеми. Од страна на органот на државната управа се земаат предвид обемот, итноста и важноста на проблемите и се врши начелна проценка на финансиските

и други ресурси кои ќе бидат потребни за спроведување на можните решенија како и ризиците кои би можеле да настанат при спроведувањето.

Врз основа на приоритетите на Владата, приоритетите во поврзаните стратегии во секторот или другите сектори, НПАА кластерска структура и ИПА 3 стратешките прозорци, како и врз основа на ресурсите кои треба да бидат обезбедени за спроведување на можните решенија, од страна на органот на државната управа се утврдува опфатот на стратегијата и приоритетните правци на делување кои ќе бидат детално планирани и разработени во стратегијата.

### Член 12

Врз основа на анализата на состојбата и утврдените приоритетни правци на делување, од страна на органот на државната управа се утврдуваат визијата, приоритетните области, општите и посебните цели кои заедно претставуваат елементи на стратегиската рамка и насоките за развој во областа. Елементите на стратегиската рамка се усогласуваат со стратегиската рамка дефинирана во Националната развојна стратегија и други стратегиски плански документи од хиерархиски повисоко ниво, со стратегиите во областа или поврзани области, како и со општите правци на развој на политиките и стратегиите во Европската Унија.

Визијата претставува изјава за идеалниот и истовремено реално возможен посакуван резултат кој треба да се оствари на долг рок, со која се трасираат насоките на делување и патот на развојот и истата е основа за утврдување на општите и посебните цели во секоја од приоритетните области опфатени во стратегијата.

Општите и посебните цели се директно поврзани со утврдените проблеми во фазата на анализа на состојбите.

### Член 13

При утврдувањето на општите и посебните цели на стратегијата во секоја од приоритетните области, треба да се имаат во предвид:

- стратешките приоритети утврдени од Владата;
- развојните насоки, приоритетите и целите утврдени во Националната развојна стратегија и стратегиските плански документи хиерархиски поставени на повисоко ниво, како и сродните секторски и мултисекторски стратегии од истото ниво во областа или сродните области, НПАА кластерска структура и ИПА 3 стратешките прозорци;
- резултатите и податоците од анализата на состојбата во областа или сродните области, како и утврдените проблеми и развојни можности,
- утврдената визија на стратегијата,
- реалната остварливост и видлива усогласеност на општите и посебните цели на стратегијата со севкупните капацитети и ресурси на надлежниот орган на државната управа како и субјектите вклучени во подготвување, спроведување, оценување и известување за постигнатите резултати и

- квантитативна и квалитативна мерливост на планираните резултати преку показателите на успешност и утврдените целни вредности согласно временската рамка на стратегијата.

### Член 14

Од страна на органот на државната управа се утврдува рамката за следење која обезбедува транспарентност и отчетност за постигнатите резултати и можност за споредба меѓу планираниот и реално остварен резултат по години. Рамката за следење е основа за мерење на постигнатите резултати и утврдување на причините за потенцијалното отстапување во остварувањето на планираните резултати.

Рамката за следење ја сочинуваат показателите на успешност на ниво на резултат, исход и ефект, појдовната, преодна и крајната вредност на показателите, начинот на прибирање и анализа на податоците за вредностите на показателите, како и постапките за известување и оценување на спроведувањето на стратегијата.

### Член 15

Од страна на органот на државната управа се утврдуваат следниве видови на показатели:

1.Показател за резултат – е непосредно поврзан со мерката и/или активноста и го мери директниот резултат кој произлегува од нивното спроведување, односно покажува дека мерката и/или активноста е успешно спроведена.

2.Показател за исход – е непосредно поврзан со посебната цел и ги мери видливите промени кои настанале на краток или среден рок како последица од успешно спроведување на мерката и/или активноста.

3.Показател за ефект – е непосредно поврзан со општата цел и ги мери среднорочните или долгорочните севкупни промени или ефекти во областа или сродните области кои можат да настанат како резултат на спроведувањето на политиките утврдени во стратегијата.

### Член 16

Показателите за резултат, исход и ефект се квантитативни и/или квалитативни податоци кои се во функција на мерење, следење и оценување на постигнувањето на општите и посебните цели во секоја од приоритетните области опфатени во стратегијата.

Квантитативните показатели се изразуваат со конкретна вредност (број, процент, промил, просек, средна вредност, опфат), а квалитативните показатели во форма на опис на ниво на перцепција, оценка или квалитет (зголемен, намален, подобрен, унапреден и слично).

При утврдување на показателите, органот на државната управа ги има во предвид мерливоста, недвосмисленоста, релевантноста, економичноста, веродостојноста и употребливоста.

### Член 17

Од страна на органот на државната управа се утврдува појдовна, преодна и крајна вредност на показателите на ниво на резултат, исход и ефект кои овозможуваат мерење и следење на напредокот во постигнување на општите и посебните цели.

Појдовната вредност на показателот претставува податок за сегашната состојба на појавата која се мери односно вредноста која била измерена пред почетокот на спроведување на стратегијата кога за тоа постојат веродостојни податоци. Доколку за појдовната вредност не може да се добијат веродостојни податоци во фазата на анализа на состојбите, тогаш за појдовна вредност се зема вредноста која се добива со првото мерење на показателот.

Преодната вредност на показателот е вредноста која органот на државната управа планира да ја оствари на средина од периодот планиран за спроведување на стратегијата. Во зависност од показателот, можат да се дефинираат една или повеќе преодни вредности на показателите на ниво на резултат, исход и ефект за периодот опфатен во акцискиот план, односно стратегијата.

Крајната вредност на показателот е вредноста која органот на државната управа планира да ја оствари на крајот од периодот опфатен во акцискиот план, односно стратегијата.

### Член 18

Од страна на органот на државната управа се утврдува методолошкиот пристап, начинот за прибирање и анализа на податоците за вредностите на показателите на успешност.

За секој од утврдените показатели, органот на државната управа ги утврдува следниве информации:

- назив на показателот,
- општата или посебната цел, односно мерката со која е поврзан,
- изворот од каде ќе се прибираат податоците, односно имателот на податоците,
- начинот и динамиката на прибирање на податоците,
- орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците,
- методологија на пресметување на вредностите на показателот и
- почетната, преодната и крајната вредност на показателот.

Образецот за анализата и прибирање на податоците за вредноста на показателот (Образец бр. 2), е даден во Прилог и е составен дел на ова упатство.

### Член 19

Од страна на органот на државната управа се утврдува начинот на следење, известување и оценување на стратегијата и акцискиот план со утврдување на динамиката на подготвување на периодични извештаи од следењето, подготвување на задолжителен годишен извештај, како и начинот и периодите на спроведување на оценка на постигнување на општите и посебните цели.

### Член 20

Од страна на органот на државната управа се утврдуваат мерките и активностите кои имаат придонес кон постигнување на утврдените општи и посебни цели и соодветните вредности на показателите на успешност.

При дефинирање на мерките и активностите, треба да се имаат во предвид проблемите и недостатоците кои биле утврдени со анализата на состојбата. Мерките и активностите се насочени кон решавање на проблемите и причините поради кои тие настанале.

Проценка на фискалните и други влијанија за да ги утврди оние мерки кои ќе доведат до решавање на проблемите и постигнување на општите и посебните цели со најмалку трошоци и најефикасно користење на ресурсите се врши од страна на органот на државната управа. При проценка на влијанијата, од страна на органот на државната управа се применуваат методите и алатките од Методологијата за проценка на влијанијата на регулативата („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/13 и 173/17).

### Член 21

Од страна на органот на државната управа се подготвува акциски план кој претставува составен дел од стратегијата. Акцискиот план ги содржи мерките и активностите за секоја од приоритетните области опфатени во стратегијата, нивната поврзаност со општите и посебните цели, роковите за спроведување на мерките и активностите, утврдените показатели на ниво на резултат, исход и ефект, органот на државната управа надлежен за спроведување, координација, следење, оценување и известување, органите кои учествуваат во спроведувањето, следењето, оценувањето и известувањето, како и трошоците за спроведување на мерките и активностите.

Акцискиот план за долгорочните стратегии се подготвува за период до пет години, а за среднорочните стратегии за период до три години.

За да се обезбеди континуитет во планирањето на спроведувањето на стратегијата, од страна на органот на државната управа се води грижа за навремено подготвување на акцискиот план кој се однесува на наредниот временски период.

Образецот за акцискиот план за спроведување на стратегијата (Образец бр. 3), е даден во Прилог и е составен дел на ова упатство.

### Член 22

Анализа на ризиците кои реално би можеле да настанат при спроведувањето на стратегијата и акцискиот план и би влијаеле на постигнувањето на планираните резултати се спроведува од страна на органот на државната управа.

За секој од утврдените ризици, од страна на органот на државната управа се предвидуваат мерки кои се преземаат во случај на појава на ризиците и околностите кои негативно влијаат на навременото спроведување и постигнувањето на резулатите односно на остварувањето на општите и посебните цели.

Постапката за ревидирање на акцискиот план во случај на настанување на ризиците кои довеле до доцнење или неможност за спроведување на мерките и

активностите или во случај на настанување на значителни промени на условите и околностите кои имаат влијание врз утврдените општи и посебни цели се дефинира од страна на органот на државната управа.

Образецот за утврдување на ризици (Образец бр. 4), е даден во Прилог и е составен дел на ова упатство.

### Член 23

Од страна на органот на државната управа се подготвува индикативен финансиски план кој претставува финансиска рамка за спроведување на општите и посебните цели, мерките и активностите утврдени во стратегијата. Индикативниот финансиски план се подготвува за времетраење на акцискиот план на стратегијата и неговата временска рамка утврдена во член 21 од ова упатство.

Индикативниот финансиски план содржи резимиран преглед на потребните средства за спроведување на акцискиот план по приоритетна област, општи и посебни цели, со утврдување на изворот на финансирање.

Индикативниот финансиски план за стратегијата е една од основите за планирање на Фискалната стратегија и среднорочната буџетска рамка, како и среднорочниот буџет на органот на државната управа утврден во неговиот стратешки план.

Образецот за индикативниот финансиски план (Образец бр. 5), е даден во Прилог и е составен дел на ова упатство.

## 4. КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ, УСВОЈУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

### Член 24

Во текот на сите фази од процесот на подготвување на стратегијата и акцискиот план, од страна на органот на државната управа навремено се планира и обезбедува учество и координација со сите засегнати органи на државната управа во областа или сродни области, државни органи, единиците на локалната самоуправа, како и организациите на граѓанското општество, стручната јавност и други засегнати страни.

Засегнатите страни кои треба да бидат вклучени или консултирани во процесот на подготвување, спроведување, следење и оценување на стратегијата се утврдуваат од страна на органот на државната управа во зависност од областа или областите опфатени во стратегијата.

### Член 25

Заради обезбедување на навремено вклучување на засегнатите страни, од страна на органот на државната управа се подготвува известување со временска рамка за подготовка на стратегијата.

Во известувањето со временска рамка од ставот 1 на овој член, се наведуваат:

- називот на Нацрт- стратегијата,
- почетниот и крајниот рок на подготовка на стратегијата,
- опис на фазите на подготовка и
- местото, односно УРЛ адресата на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР) - www.ener.gov.mk и веб-страницата на органот на државната управа каде засегнатите страни можат да извршат увид на нацртот и да достават свои коментари.

Известувањето со временска рамка се објавува на ЕНЕР и на веб-страницата на органот на државната управа.

## Член 26

Консултации со засегнатите страни за можните мерки за решавање на проблемите, за утврдување на влијанија од политиките односно мерките предложени во стратегијата или по нацрт текстот на стратегијата и акцискиот план се вршат од страна на органот на државната управа.

Во зависност од улогата, влијанието и интересот на засегнатите страни за политиките односно мерките опфатени во стратегијата, од страна на органот на државната управа се утврдуваат еден или повеќе начини за вклучување и консултации со засегнатите страни.

Консултациите со засегнатите страни можат да се вршат на некои од следниве начини:

- барање на писмени мислења, забелешки и сугестии од засегнатите страни;
- учество во работни групи формирани од страна на органот на државната управа или Владата;
- состаноци со засегнатите страни и
- користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталот ЕНЕР и веб-страницата на органот на државната управа.

## Член 27

Со цел структурирани и ефективни консултации со засегнатите страни, од страна на органот на државната управа може да се подготват прашања односно теми по кои се води дискусијата или се прибираат мислења, забелешки и сугестии.

Прашањата, односно темите од ставот 1 на овој член се формулираат на јасен и едноставен јазик, разбирлив за сите засегнати страни.

Член 28

Нацрт стратегијата и акцискиот план се доставуваат од страна на органот на државната управа до сите надлежни органи на државната управа заради добивање мислење согласно одредбите и роковите на Деловникот за работа на Владата.

Нацрт стратегијата и акцискиот план се доставува и се разгледува од страна на соодветните Секторски работни групи.

Член 29

По анализа на добиените мислења од органите на државната управа, од Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања и нивна оценка со цел вградување на прифатените мислења и забелешки, од страна на органот на државната управа предлог стратегијата и акцискиот план се доставуваат до Владата односно до Собранието со барање за негово разгледување и усвојување.

Член 30

По усвојувањето на стратегијата и акцискиот план од страна на Владата односно Собранието, се објавуваат на интернет страницата на органот на државната управа.

Усвоената стратегија и акцискиот план се објавуваат од страна на органот на државната управа и во регистарот на стратегиски плански документи на Владата кој го води Генералниот секретаријат на Владата.

Член 31

Во текот на редовниот годишен процес на стратешко планирање и подготвување на Стратешкиот план, органот на државната управа ги усогласува програмите од Стратешкиот план со мерките и активностите од акцискиот план за спроведување на стратегијата и предвидените средства за спроведување на мерките и активностите.

Усогласувањето меѓу Стратешкиот план на органот на државната управа и акцискиот план за спроведување на стратегијата овозможува усогласеност и конзистентност на мерките и активностите на органот на државната управа утврдени во програмите и обезбедување на финансиски и човечки ресурси за спроведување во тригодишна временска рамка.

## 5. КООРДИНАЦИЈА, СЛЕДЕЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИИТЕ

Член 32

Координација, следење, известување и оценување на спроведувањето на стратегиите се врши од страна на Координативно тело.

## Член 33

Со цел ефикасно следење, оценување и известување за спроведувањето на акцискиот план за спроведување на стратегијата, се утврдува систем за прибирање на податоци кој ги содржи следниве елементи:

- поврзаност на стратегијата со развојна насока (и), со општите и посебните цели од Национална развојна стратегија,
- назив на приоритетната област,
- општа цел со показателот на ефект, појдовната и планираната преодна вредност за годината за која се известува,
- посебна цел со показателот на исход, појдовната и планираната преодна вредност за годината за која се известува,
- мерка со показателот на резултат, појдовната вредност и планираната преодна вредност за годината за која се известува,
- опис на активноста,
- водечка институција надлежна за спроведување, следење, оценување и известување и институции кои учествуваат во спроведувањето, следењето, оценувањето и известувањето,
- почетен датум (квартал) за спроведување на активноста (од Акцискиот план),
- датум за извршување (квартал) на активноста (од Акцискиот план),
- степен на спроведување - оценка за степенот на спроведување со систем на семафор (црвено - неспроведена активност, жолто - спроведување во тек, зелено - спроведена активност),
- статус на реализација на мерките и активноста - кратко образложение на реализацијата на активноста со образложение за причините во случај на доцнење и оценка дали во планираниот рок истите ќе се спроведат,
- идентификувани ризици или проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста,
- следни чекори - краток опис на мерките кои ќе бидат преземени за навремено спроведување на активноста и
- планиран нов рок за реализација на активноста.

Образецот за прибирање податоци и следење на спроведувањето на акцискиот план за спроведување на стратегијата (Образец бр. 6), е даден во Прилог и е составен дел на ова упатство.

## Член 34

Од страна на органот на државната управа се следи навременото спроведување на мерките и активностите, согласно акцискиот план и во однос на остварувањето на општите и посебните цели, односно постигнување на планираните вредности на

показателите. Интервалите за прибирање на информациите за реализација на мерките и активностите и вредностите на показателите, органот на државната управа ги спроведува во согласност со рамката за следење утврдена во стратегијата.

Од страна на органот на државната управа се формира база на податоци од прибраните информации која се чува во електронска форма.

### Член 35

Податоците од следењето на стратегијата редовно се обработуваат и анализираат од страна на органот на државната управа. Обработката на податоците се врши врз основа на прибраните податоци од спроведување на мерките и активностите во соодветните приоритетни области со цел да се создаде збирна информација која се користи при анализата на постигнатите резултати.

Во зависност од видот на податоците и од намената, анализата на податоци од следење на стратегијата може да вклучи користење на квантитативни или квалитативни методи и примена на други техники за да може податоците да се користат во процесот на одлучување.

Наодите поткрепени со квантитативни и квалитативни податоци, заклучоци и препораки се користат при подготовката на извештаите од следењето на акцискиот план на стратегијата.

### Член 36

Во процесот на следење, известување и оценување на стратегијата и акцискиот план на органот на државната управа соработува и врши координација со органите на државната управа кои се надлежни во соодветните области, со универзитетите, институтите и другите стручни организации, како и со организациите на граѓанското општество и меѓународните организации кои работат во соодветната област.

Соработката и координацијата може да се однесува на прибирање и размена на информации и податоци кои се релевантни за следењето и оценувањето на резултатите.

### Член 37

Редовни периодични извештаи од следењето согласно утврдениот систем за прибирање податоци и следење на стратегијата и акцискиот план се подготвуваат од страна на органот на државната управа.

Периодичните извештаи можат да се подготвуваат на месечна, квартална, полугодишна основа во зависност од природата и динамиката на мерките и активностите.

Заради обезбедување на континуирано систематско следење на акцискиот план за спроведување на стратегијата, извештаите се подготвуваат од страна на организациониот облик задолжен за координација на спроведување на акцискиот план во органот на државната управа и се доставуваат до координативното тело од член 32 од ова упатство.

## Член 38

Од страна на органот на државната управа се подготвува годишен Нацрт извештај за напредокот во спроведувањето на акцискиот план за спроведување на стратегијата и постигнување на општите и посебните цели (во натамошниот текст: Извештај) во претходната година.

Извештајот ги содржи следниве елементи:

- резиме на постигнатите резултати по приоритетна област со клучните пораки во однос на натамошните чекори во спроведувањето на акцискиот план,
- преглед на постигнати резултати по приоритетна област со опис на постигнатите посебни цели врз основа на податоците од мерењето на показателите на ниво на резултат и исход,
- осврт на околностите и ризиците кои настанале во текот на годината и препораки како да се намалат ризиците во наредната година,
- табеларен преглед со оценка на степенот на спроведување на мерките и активностите.

Образецот на Годишниот извештај за спроведување на акцискиот план на стратегијата (Образецот бр. 7), е даден во Прилог и е составен дел на ова упатство.

## Член 39

Нацрт - извештајот се подготвува од страна на органот на државната управа врз основа на следниве начела:

- концизност и јасност – известувањето да биде кратко, јасно, разбирливо и фокусирано на најважните информации кои укажуваат на постигнувањето на целите и резултатите,
- релевантност – информациите да бидат од значење за да може да се оцени напредокот во постигнувањето на општите и посебните цели на стратегијата,
- прецизност – податоците и информациите од мерењето на показателите да бидат квантитативно и квалитативно изразени, со можност за споредба меѓу појдовната и преодната вредност на показателот и
- веродостојност и заснованост на докази– заклучоците да се засноваат на прибраните објективни податоци и информации.

## Член 40

При подготвувањето на Нацрт-извештајот, од страна на органот на државната управа се остварува соработка со одговорните субјекти по приоритетна област, мерка односно активност, како и со другите органи задолжени за спроведување на акцискиот план и со засегнатите страни.

Нацрт - Извештајот се доставува на разгледување до координативното тело од член 32 од ова упатство и до соодветната Секторска работна група или групи, во зависност од областите опфатени во стратегијата.

### Член 41

Нацрт-извештајот се доставува од страна на органот на државната управа до Генералниот секретаријат на Владата најдоцна до крајот на февруари во наредната година.

Генералниот секретаријат на Владата го разгледува Нацрт- извештајот и подготвува мислење во однос на формата и содржината на Извештајот, согласно членовите 38 и 39 од ова упатство.

Врз основа на извештајот доставен од страна на органот на државната управа, Генералниот секретаријат на Владата врши оценка на постигнатиот напредок во соодветната област на политиките и ги вклучува резултатите при подготвување на Анализа за постигнатите резултати од спроведувањето на стратешките приоритети на Владата во претходната година.

### Член 42

Нацрт-извештајот се усогласува од страна на органот на државната управа по добиеното мислење од Генералниот секретаријат.

Предлог-извештајот се доставува до Владата или до Собранието најдоцна до крајот на март со барање за негово разгледување и усвојување.

По усвојувањето, извештајот се објавува на интернет страница на органот на државната управа.

### Член 43

Акцискиот план за спроведување на стратегијата се ажурира доколку преку процесот на следење утврди дека постои значително отстапување од динамиката на спроведување и во постигнување на очекуваните резултати.

Акцискиот план за спроведување на стратегијата се ажурира и во случај на значителни промени на условите и околностите кои се резултат на вонредни и непредвидливи околности, настани, услови или движења.

Акцискиот план се однесува само на редефинирање на постоечките или утврдување на нови активности и рокови за нивно остварување. Визијата, општите и посебните цели, како и утврдените вредности на показателите остануваат непроменети.

Кон ажурирање на акцискиот план за спроведување на стратегијата може да се пристапи по истекот на најмалку две години од усвојувањето на стратегијата и акцискиот план.

При ажурирањето на акцискиот план за спроведување на стратегијата се вклучуваат и заклучоците и препораките кои се произлезени од оценување на постигнатите резултати од спроведување на стратегијата и акцискиот план.

Предлог ажурираниот акциски план се доставува на разгледување и усвојување од Владата во согласност со одредбите и роковите утврдени со Деловникот за работа на Владата.

### Член 44

Предлогот за пристапување кон ажурирање на акцискиот план за спроведување на стратегијата се разгледува од страна на координативното тело од член 32 од ова упатство.

### Член 45

Постапката на оценување на стратегијата е независна споредба и оценка меѓу планираниот и остварениот резултат, вложените ресурси, резултатите кои се добиени преку спроведување на мерките и активностите и исходот односно оценката на влијанието и користа од нивното спроведување.

Процесот на оценување во согласност со роковите утврдени во стратегијата се планира и организира од страна на органот на државната управа. За да се обезбеди независност на оценката во постигнувањето на општите и посебните цели, од страна на органот на државната управа може да се ангажираат надворешни оценувачи за да го спроведат процесот во согласност со однапред утврдена методологија и да подготват извештај за оценката. Извештајот преставува основа за ревизија на јавните политики и натамошните процеси на стратегиско планирање во секторот или сродните сектори.

При подготовка на нова стратегија се земаат предвид наодите од извршеното оценување.

### Член 46

Согласно начинот и периодите за спроведување на оценката утврдени во стратегијата, од страна на органот на државната управа се утврдуваат целите на оценувањето. Во зависност од фазата на оценувањето се избираат методите за оценување и тоа:

- оценување во текот на спроведувањето на стратегијата (периодична оценка);
- оценување за постигнатите резултати по истекот на временската рамка за спроведување со цел да се даде оценка на влијанијата од спроведувањето, постигнувањето на општите и посебните цели, како и одржливоста на политиките.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 47

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-4434/1
25 мај 2022 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
dr. Artan Grubi

Подготвил: Даниела Давитковска
Проверил: Никола Пасков
Контролирал:Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски
Одобрил: Tahir Hani

Образец бр. 1

| Наслов на стратегијата | |
|---|---|
| **1.** | **Вовед** |
| 1.1. | Резиме на областа или областите на политиките опфатени со стратегијата и клучните правци на делување |
| 1.2. | Основ на обврска за подоготвување и предлагање на стратегијата |
| 1.3. | Опис на повраноста и усогласеноста со развојните насоки утврдени во Националната стратегија за развој, со хиерархиски повисоко поставените стратешки плански документи, со стратегиите и политиките во Европската Унија кои се однесуваат или се поврзани со областа или областите, како и со други стратегии во секторот и во други сродни сектори. Исто така, треба да се опише поврзаноста со НПАА кластерските цели и ИПА 3 стратешките прозорци. |
| 1.4. | Методолошки пристап во подготвувањето на стратегијата |
| 1.5. | Опис на процесот на вклучување на засегнатите страни во подготвувањето на стратегијата. |
| **2.** | **Анализа на состојбата** |
| 2.1. | Анализа на актуелната состојба во областа и други сродни области на политиките |
| 2.2. | Анализа на опкружувањето (СВОТ и ПЕСТЛЕ анализа) и анализа на засегнатите страни |
| 2.3. | Резултати од спроведувањето на претходна стратегија или поврзани стратегии, |
| 2.4. | Проблеми и предизвици (поткрепени со валидни податоци и причинско-последичните врски на утврдените проблеми) |
| **3.** | **Стратешка рамка** |
| 3.1. | Визија за развој на областа или областите |
| 3.2. | Приоритетни области, општи и посебни цели во секоја од приоритетни области |
| 3.3. | Резиме на политиките односно клучните правци на делување или мерки за остварување на општите и посебните цели |
| **4.** | **Рамка за следење, оценување и известување** |
| 4.1. | Табеларен приказ на показателите на успешност на ниво на резултат, исход и ефект – рамка на показатели поврзани со приоритетните области, општите и посебните цели заедно со почетната, преодната и крајната вредност на секој од утврдените показатели |
| 4.2. | Начин на прибирање на податоците и мерење на показателите на успешност |

| | |
|---|---|
| 4.3. | Надлежни органи задожени за спроведување, следење, оценување и известување и органи кои учествуваат во процесот на следење, оценување и известување |
| 4.4. | Постапка и динамиката на известување и на оценување на постигнатите резултати |
| 4.5. | Механизми за координација |
| 5. | **Управување со ризици** |
| 5.1. | Утврдени ризици кои би можеле да влијаат на спроведувањето и постигнувањето на планираните општи и посебни цели |
| 5.2. | Мерки за справување со ризиците |
| 5.3. | Начинот на ревидирање на акцискиот план |
| | |
| 6. | **Акциски план** |
| | Табеларен приказ на:<br>- мерки и активности за остварување на општите и посебните цели во секоја од утврдните приоритетни области,<br>- показатели за успешност на ниво на резултати, исход и ефекти,<br>- надлежни органи на државната управа задолжени за спроведување и координација на стратегијата<br>- други органи кои учествуваат во спроведувањето, следењето и известувањето на акцискиот план,<br>- трошоци за спроведување на мерките и активностите<br>- рокови за спроведување на мерките и активностите. |
| 7. | **Индикативен финансиски план** |
| | Табеларен приказ на:<br>- потребни средства за спроведување на акцискиот план по приоритетна област, општа и посебни цели<br>- извор на финансирање |
| | |

**Образец бр. 2**

# АНАЛИЗА И ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ВРЕДНОСТА НА ПОКАЗАТЕЛОТ

| | |
|---|---|
| **Назив на показателот** | Се внесува целосниот назив на показателот утврден во стратегијата односно во акцискиот план за спроведување на стратегијата |
| **Општата, посебната цел или мерката со која е поврзан** | Се наведува општата или посебната цел, односно мерката која е поврзана со индикаторот |
| **Извор/имател на податоците** | Се внесуваат информации за тоа дали податоците за следење на показателот се прибираат од извори/иматели од државата или од меѓународни организации/институции.<br><br>Се внесува извор за верификација (проверка) на прибраните податоци (на пр. „Службен весник на Република Македонија" за донесени законски акти; анкети или објавени извештаи; статистички податоци и др. со веб-линк ако податоците може да се најдат на интернет). |
| **Начин и динамиката на прибирање на податоците** | Се внесуваат информации за тоа колку често органот на државната управа/институцијата ги прибира податоците за показателот и колку често истите ги објавуваат. |
| **Орган на државната управа задолжен за прибирање на податоците** | Се внесува целосниот назив на органот на државната управа или институцијата одговорна за прибирање и обработка на податоците и за објавување/доставување на податоците за показателот. |

<table>
<tr><td>Методологија на пресметување на вредностите на показателот</td><td colspan="3">Се внесува кратка методологија односно формула за мерење/пресметка на индикаторот. Формулата ги прикажува податоците или елементите кои се потребни за да се пресмета вредноста на показателот во случај кога не постои воспоставен механизам за прибирање податоци.<br><br>Доколку одредена методологија за мерење на овој показател се објавува на интернет, се внесува врската до методолошкиот документ.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вредност на показателот</td><td>Почетна вредност</td><td>Преодна вредност</td><td>Крајна вредност</td></tr>
<tr><td>Година</td><td>Година</td><td>Година</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

**Образец бр. 3**

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

| | |
|---|---|
| **АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА (НАЗИВ НА СТРАТЕГИЈАТА)** | |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:** Назив на приоритетната област | **ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ:** |
| [illegible] | [illegible] |
| **Посебна цел:** | **Показател на исход:** Назив на показателот поврзан со посебната цел |

| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Образец бр. 4

## УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИЦИ

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| (Се опишува ризикот кој бил утврден во текот на анализата) | (Се дава оценка за веројатноста ризикот да настане. Оценката се опишува со зборовите: Голема, средна, мала) | (Се дава оценка за степенот на влијание кое ризикот би го имал врз остварувањето на целите. Оценката се опишува со зборовите: Големо, средно, мало) | (Се опишуваат мерките кои ќе бидат преземени за справување со ризикот) |

Образец бр. 5

# ИНДИКАТИВЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН

| ИНДИКАТИВЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОД НА ВАЖЕЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Други извори на финансирање | |
| Општа и посебна цел, мерка | Структура на финансирање (во%) * | Вкупно (ден.) | Буџет на институцијата (ден | (ден.) | Назив на потенцијалниот извор на финансирање |
| 1. Општа цел | % | | | | |
| 1.1. Посебна цел | % | | | | |
| 1.1.1. Мерка | | | | | |
| | | | | | |
| 2. Општа цел | % | | | | |
| 2.1. Посебна цел | | | | | |
| 2.1.1. Мерка | | | | | |
| | | | | | |
| 3. Општа цел | % | | | | |
| 3.1. Посебна цел | % | | | | |
| 3.1.1. Мерка | % | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно за стратешкиот документ ** | 100% | | | | |
| | | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Образец бр. 6

## ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ СТРАТЕГИЈАТА

| Назив на стратегијата | | | |
|---|---|---|---|
| Поврзаност на стратегијата со развојна насока (и), општа и посебна цел од Национална стратегија за развој на Република Северна Македонија: | | | |
| ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ: | | | |
| **Општа цел:** | Показател на ефект: Назив на показателот поврзан со општата цел | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност |
| **Посебна цел** | Показател на исход: Назив на показателот поврзан со посебната цел | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност: |
| **Мерка:** | Показател на резултат: Назив на показателот поврзан со мерката | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност: |

| Активност | Водечка институција и нституции учеснички | Почетен датум (квартал) | Датум на извршување (квартал) | Степен на спроведување<br>зелено<br>жолто<br>црвено | Статус на реализација на активноста | Ризици/проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста | Следни чекори | Нов рок за реализација на активноста | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Образец бр. 7

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА (се наведува годината за која се однеува извештајот) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА (се наведува називот на стратегијата)

1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ
   (Краток опис на резултатите во секоја од приоритетните области содржани во стратегијата со клучните пораки во однос на натамошните чекори во спроведувањето на акцискиот план)
2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ
   (Извештај за постигнатите резултати во однос на посебните цели врз основа на податоците од мерењето на показателите на ниво на резултат и исход)

   **2.1. Приоритетна област 1** (се наведува називот на приоритетната област)

   (Се наведуваат резултатите од спроведувањето на мерките и активностите за постигнување на секоја од посебните цели во оваа приоритетна област, поткрепено со податоци од мерењето на показателите и други податоци кои го докажуваат напредокот во постигнување на посебната цел).

   **2.2. Приоритетна област 2**

3. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ

   (Опис на околностите и ризиците кои настанале во текот на спроведувањето на мерките и активностите и чекорите кои биле преземени. Препораки за наредниот период и како да се намалат ризиците во спроведувањето на акцискиот план за спроведување на стратегијата).

4. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

   (Табеларен преглед со оценка на степенот на спроведување на мерките и активностите)